# ЗАСТАРЕНОСТ НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД КРИВИЧНО ДЕЛО

Изработил: М-р Снежана Бајлозова, поранешен судија на ВСРСМ, сега во пензија

fppt.com

# ОПШТИ ОДРЕДБИ НА ЗАСТАРЕНОСТА НА ПОБАРУВАЊАТА:

- СО ЗАСТАРЕНОСТА ПРЕСТАНУВА ПРАВОТО ДА СЕ БАРА ПРИСИЛНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА
- ЗАСТАРЕНОСТА НАСТАПУВА КОГА ЌЕ ИСТЕЧЕ ОПРЕДЕЛЕНОТО ВРЕМЕ СО ЗАКОН ВО КОЕ ДОВЕРИТЕЛОТ МОЖЕЛ ДА БАРА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА
- СУДОТ НЕ МОЖЕ ДА ЈА ЗЕМЕ ПРЕДВИД ЗАСТАРЕНОСТА АКО ДОЛЖНИКОТ НЕ СЕ ПОВИКАЛ НА НЕА
- СО ЗАСТАРЕНОСТА НЕ СЕ ГУБИ САМОТО ПРАВО, ОДНОСНО ПОБАРУВАЊЕТО НА ДОВЕРИТЕЛОТ
- ПРИГОВОРОТ ЗА ЗАСТАРЕНОСТ ДОЛЖНИКОТ МОЖЕ ДА ГО ИСТАКНЕ САМО ВО ТЕКОТ НА ПРВОСТЕПЕНАТА ПОСТАПКА, А НЕ И ВО ЖАЛБАТА ПРОТИВ ПРВОСТЕПЕНАТА ПРЕСУДА

# КОГА ЗАСТАРЕНОСТА ЗАПОЧНУВА ДА ТЕЧЕ

- ЗАСТАРЕНОСТА ПОЧНУВА ДА ТЕЧЕ ПРВИОТ ДЕН ПО ДЕНОТ КОГА ДОВЕРИТЕЛОТ ИМАЛ ПРАВО ДА БАРА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА

- АКО ОБВРСКАТА СЕ СОСТОИ ВО ТОА НЕШТО ДА НЕ СЕ СТОРИ, ДА СЕ ПРОПУШТИ ИЛИ ТРПИ, ЗАСТАРЕНОСТА ПОЧНУВА ДА ТЕЧЕ ПРВИОТ ДЕН ОД ДЕНОТ КОГА ДОЛЖНИКОТ ПОСТАПИЛ СПРОТИВНО НА ОБВРСКАТА

# НАСТАПУВАЊЕ НА ЗАСТАРЕНОСТА

- ЗАСТАРЕНОСТА НАСТАПУВА КОГА ЌЕ ИСТЕЧЕ ПОСЛЕДНИОТ ДЕН ОД ВРЕМЕТО ОПРЕДЕЛЕНО СО ЗАКОН
- ПРИТОА НЕ Е ОД ЗНАЧЕЊЕ ДАЛИ ПОСЛЕДНИОТ ДЕН НА ТОЈ РОК ПАЃА ВО ДЕНОТ КОГА СО ЗАКОН Е ОПРЕДЕЛЕНО ДЕКА НЕ СЕ РАБОТИ.

(ОВАА ОДРЕДБА Е СПЕЦИЈАЛНА ВО ОДНОС НА ОПШТАТА ОДРЕДБА ОД ЧЛ.69 СТ.3 ОД ЗОО, БИДЕЈЌИ ОВДЕ СЕ РАБОТИ ЗА РОК ОПРЕДЕЛЕН СО ЗАКОН, А ВО ЧЛЕНОТ 69 СТ.3 ОД ЗОО СЕ РАБОТИ ЗА РОК СОДРЖАН ВО ДОГОВОР)

# ДРУГИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗАСТАРЕНОСТА

- СО ПРАВНА РАБОТА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ ПОДОЛГО ИЛИ ПОКРАТКО ВРЕМЕ НА ЗАСТАРЕНОСТ ОД ОНА ВРЕМЕ ШТО Е ОПРЕДЕЛЕНО СО ЗАКОН (ПОБАРУВАЊЕТО НА ИЗДРЖУВАЊЕ КАКО ПОВРЕМЕНО ПОБАРУВАЊЕ, ЗАСТАРУВА ЗА 3 ГОДИНИ ОД СТАСАНОСТА НА СЕКОЕ ОДДЕЛНО ДАВАЊЕ)
- ДОЛЖНИКОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОТКАЖЕ ОД ЗАСТАРЕНОСТА ПРЕД ДА ИЗМИНЕ ВРЕМЕТО ОПРЕДЕЛЕНО ЗА ЗАСТАРЕНОСТ (МЕЃУТОА ПРЕД ДА НАСТАПИ ЗАСТАРЕНОСТ СТРАНИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОГОВОРАТ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА)
- КОГА ЌЕ ЗАСТАРИ ГЛАВНОТО ПОБАРУВАЊЕ, ТОГАШ СЕ ЗАСТАРЕНИ И СПОРЕДНИТЕ ПОБАРУВАЊА КАКО ШТО СЕ ПОБАРУВАЊАТА НА КАМАТИ, ПЛОДОВИ, ТРОШОЦИ, ДОГОВОРНА КАЗНА

# ВРЕМЕ ПОТРЕБНО ЗА ЗАСТАРЕНОСТ

## ОПШТ РОК НА ЗАСТАРЕНОСТ

- Побарувањата застаруваат за 5 години ако со закон не е определен некој друг рок на застареност (чл.360 од ЗОО)

## ПОБАРУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

- Побарувањето на надомест на штета застарува за 3 години од кога оштетениот дознал за штетата и за лицето кое ја сторило штетата (субјективен рок)
- Во секој случај ова побарување застарува за 5 години од кога настанала штетата (објективен рок – чл.365 од ЗОО)

# ПОБАРУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА СО КРИВИЧНО ДЕЛО

- КОГА ШТЕТАТА Е ПРИЧИНЕТА СО КРИВИЧНО ДЕЛО, А ЗА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ Е ПРЕДВИДЕН ПОДОЛГ РОК НА ЗАСТАРЕНОСТ, БАРАЊЕТО ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА СПРЕМА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ЗАСТАРУВА КОГА ЌЕ ИЗМИНЕ ВРЕМЕТО ОПРЕДЕЛЕНО ЗА ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ
- ПРЕКИНОТ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ ПОВЛЕКУВА СО СЕБЕ И ПРЕКИН НА ЗАСТАРУВАЊЕТО НА БАРАЊЕТО ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
- ИСТОТО ВАЖИ И ЗА ЗАСТОЈОТ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО, ОДНОСНО МИРУВАЊЕТО НА ЗАСТАРУВАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ ПОВЛКУВА СО СЕБЕ И ЗАСТОЈ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО НА БАРАЊЕТО ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

# СПЕЦИФИЧНОСТИ ЗА ТЕКОТ И ПРЕКИНОТ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ

- ЗАСТАРУВАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ ПОЧНУВА ОД ДЕНОТ КОГА Е СТОРЕНО КРИВИЧНОТО ДЕЛО ИЛИ НАСТАПИЛА ПОСЛЕДИЦАТА. АКО ДЕЛОТО Е СТОРЕНО СПРЕМА ДЕТЕ ЗАСТАРУВАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ ПОЧНУВА ОД ДЕНОТ НА НЕГОВОТО ПОЛНОЛЕТСТВО
- ЗАСТАРУВАЊЕТО НЕ ТЕЧЕ ЗА ВРЕМЕТО ЗА КОЕ СПОРЕД ЗАКОНОТ ГОНЕЊЕТО НЕ МОЖЕ ДА ЗАПОЧНЕ ИЛИ ПРОДОЛЖИ (МИРУВАЊЕ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО)
- ЗАСТАРУВАЊЕТО СЕ ПРЕКИНУВА СО СЕКОЕ ПРОЦЕСНО ДЕЈСТВИЕ ШТО СЕ ПРЕЗЕМА ЗАРАДИ ГОНЕЊЕ НА СТОРИТЕЛОТ ПОРАДИ СТОРЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО

# СПЕЦИФИЧНОСТИ ЗА ТЕКОТ И ПРЕКИНОТ НА ЗАСТАРУВАЊЕТО НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ

- ЗАСТАРУВАЊЕТО СЕ ПРЕКИНУВА И КОГА СТОРИТЕЛОТ ВО ВРЕМЕТО ДОДЕКА ТЕЧЕ РОКОТ НА ЗАСТАРЕНОСТ ЌЕ СТОРИ ИСТО ТАКА, ТЕШКО ИЛИ ПОТЕШКО КРИВИЧНО ДЕЛО
- СО СЕКОЈ ПРЕКИН ЗАСТАРУВАЊЕТО ПОЧНУВА ПОВТОРНО ДА ТЕЧЕ
- ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ НАСТАПУВА ВО СЕКОЈ СЛУЧАЈ КОГА ЌЕ ПОМИНЕ ДВАПАТИ ОНОЛКУ ВРЕМЕ КОЛКУ ШТО СПОРЕД ЗАКОНОТ СЕ БАРА ЗА ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ

# НЕЗАСТАРЛИВОСТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ГЕНОЦИД, ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА И ТОРТУРА

- КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНАТА НЕ ЗАСТАРУВА ЗА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ГЕНОЦИД (ЗЛОСТОРСТВА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА), ВОЕНИТЕ ЗЛОСТОРСТВА И ТОРТУРА, ОДНОСНО ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРЕДВИДЕНИ ВО ЧЛ.142 ОД КЗ (ТОРТУРА), ПОТОА ОД ЧЛ.403 ДО ЧЛ.407-Б И ЧЛ.416-А СИТЕ ОД КЗ (ГЕНОЦИД И ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА)
- ИАКО НЕ СЕ РАБОТИ ЗА КАЗНА, ТУКУ ЗА ПОСЕБНА КАЗНЕНО ПРАВНА МЕРКА ИЗВРШУВАЊЕТО НА КОНФИСКАЦИЈАТА НА ИМОТ НЕ ЗАСТАРУВА

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИМОТНОПРАВНОТО БАРАЊЕ НА ОШТЕТЕНИОТ ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

- ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ОШТЕТЕНИОТ ИМА ПРАВО ДА СТАВИ ПРЕДЛОГ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ИМОТНОПРАВНОТО БАРАЊЕ
- ИМОТНОПРАВНОТО БАРАЊЕ МОЖЕ ДА СЕ ОДНЕСУВА НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА (МАТЕРИЈАЛНА И НЕМАТЕРИЈАЛНА), ВРАЌАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ИЛИ НА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНА ПРАВНА РАБОТА
- ОШТЕТЕНИОТ Е ДОЛЖЕН ДА ГО НАВЕДЕ СВОЕТО БАРАЊЕ СПОРЕД ВИДОТ И ВИСИНАТА И ДА ПОДНЕСЕ ДОКАЗИ
- ОШТЕТЕНИОТ МОЖЕ ДО ЗАВРШУВАЊЕ НА ГЛАВНАТА РАСПРАВА ПРЕД КРИВИЧНИОТ СУД ДА СЕ ОТКАЖЕ ОД ПРЕДЛОГОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ИМОТНО ПРАВНОТО БАРАЊЕ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И ДА ГО ОСТВАРУВА ПРЕКУ СПОР

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИМОТНОПРАВНОТО БАРАЊЕ НА ОШТЕТЕНИОТ ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА

- СО ПРЕСУДА СО КОЈА ОБВИНЕТИОТ СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН, КРИВИЧНИОТ СУД МОЖЕ ЦЕЛОСНО ДА ОДЛУЧИ ЗА ИМТОНОПРАВНОТО БАРАЊЕ ИЛИ ДЕЛУМНО, А ЗА ОСТАТОКОТ ДА ГО УПАТИ ОШТЕТЕНИОТ ДА ГО ОСТВАРУВА ПРЕКУ СПОР ИЛИ ПАК ЗА ЦЕЛОТО ИМОТНО ПРАВНО БАРАЊЕ ДА ГО УПАТИ ОШТЕТЕНИОТ ДА ГО ОСТВАРУВА ВО СПОР
- КОГА КРИВИЧНИОТ СУД ЌЕ ДОНЕСЕ ПРЕСУДА СО КОЈА ОБВИНЕТИОТ СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОБВИНЕНИЕ ИЛИ СО КОЈА СЕ ОДБИВА ОБВИНЕНИЕТО ИЛИ КОГА СО РЕШЕНИЕ ЌЕ ЈА ЗАПРЕ КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА, ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЌЕ ГО УПАТИ ОШТЕТЕНИОТ ДЕКА МОЖЕ ИМОТНОПРАВНОТО БАРАЊЕ ДА ГО ОСТВАРУВА ВО СПОР

# КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ И ЗАСТАРЕНОСТ НА НАДОМЕСТОТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД КРИВИЧНО ДЕЛО СТОРЕНО ОД ПРАВНОТО ЛИЦЕ

- ВО СЛУЧАИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН, ПРАВНОТО ЛИЦЕ Е ОДГОВОРНО ЗА КРИВИЧНО ДЕЛО СТОРЕНО ОД ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ВО ИМЕ, ЗА СМЕТКА ИЛИ ВО КОРИСТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ
- КРИВИЧНО СЕ ОДГОВОРНИ СИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА СО ИСКЛУЧОК НА ДРЖАВАТА
- ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА КАКО ГЛАВНА КАЗНА СЕ ИЗРЕКУВА ПАРИЧНА КАЗНА
- ПОД УСЛОВИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО КЗ СУДОТ МОЖЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ДА МУ ИЗРЕЧЕ ЕДНА ИЛИ ПОВЕЌЕ СПОРЕДНИ КАЗНИ

# КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ И ЗАСТАРЕНОСТ НА НАДОМЕСТОТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД КРИВИЧНО ДЕЛО СТОРЕНО ОД ПРАВНОТО ЛИЦЕ

- ПОСЕБНИТЕ РОКОВИ НА ЗАСТАРУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ПОКРАТКИ (3, 5 И 10 ГОДИНИ – ЧЛЕН 96-Л ОД КЗ) ОД ОПШТИТЕ РОКОВИ НА ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ КОГА КАКО СТОРИТЕЛ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО СЕ ЈАВУВА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ (ЧЛЕН 107 ОД КЗ)
- АКО ЗА КРИВИЧНОТО ДЕЛО СЕ ПРОПИШАНИ ПОВЕЌЕ КАЗНИ РОКОТ НА ЗАСТАРЕНОСТ СЕ ОПРЕДЕЛУВА СПОРЕД НАЈТЕШКАТА ПРОПИШАНА КАЗНА (КОГА СЕ ВОДИ ЕДИНСТВЕНА ПОСТАПКА И ЗА ФИЗИЧКОТО И ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ПРИМЕНУВААТ ОПШТИТЕ РОКОВИ НА ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ ОД ЧЛ.107 ОД КЗ)